РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ НА НОВИ СТУДЕНТИ ВО УЧЕБНАТА 2012/2013

При запишувањето, примените кандидати треба да донесат:

1. Три фотографии (две 3.5 x 4.5 см и една 2 x 3 см)
2. Пријавен лист за запишување на студенти, со административна такса од 50,00 денари (платена со уплатница или преку СМС)
3. Пријавен лист од Државен завод за статистика на РМ (образец ШВ. 20)
4. Кандидатите примени во **државна квота** поднесуваат потврда за уплата на прва рата од 100 евра во денарска противвредност по среден курс на НБ на Македонија (пример уплатница)
5. Кандидатите во **квота со кофинансирање** поднесуваат потврда за уплата на прва рата од 200 евра во денарска противвредност по среден курс на НБ на Македонија (пример уплатница), како и
   i. **Изјава за согласност** за поднесување на трошоците на студирање и
   ii. **Договор за студирање**.
6. Потврда за уплата на 750,00 денари на сметката на ФИНКИ за административно материјални трошоци и осигурување. (пример уплатница)
7. Потврда за уплатени 750,00 денари - за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака *Одлука на УКИМ за ИКСА*, ФИНКИ, на жиро сметка 1600103689 788 18, депонент НБРМ со трезорска сметка 100000000063095, повикување на број 723012, програма 41 (пример уплатница).
8. **Изјава за согласност** за користење на личните податоци

Секој примен студент бесплатно ќе добие индекс и студентска легитимација.

**Уплатите за ФИНКИ се вршат на следната жиросметка**

- Назив на примачот: Буџет на РМ - ФИНКИ – Скопје
- Банка на примачот: НБРМ
- Сметка: 100000000063095
- Сметка на буџетски корисник: 160016170078813
- Приходна шифра: 723012
- Програма 41

**Сите примени кандидати документите за упис ги поднесуваат на 30. и 31.08.2012 од 09,00 до 14:30 часот во просториите на ФИНКИ.**

**Кандидатите кои се наоѓаат на листата на нерангирани кандидати, доколку сакаат да се запишат на ФИНКИ, потребно е да поднесат барање за избор на студиска програма при самиот упис. При тоа, изборот може да биде само на студиски програми каде има слободни места во државната или приватната квота.**

**Кандидатите кои нема да се запишат или се откажуваат од запишувањето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во учебната 2012/2013, поднесените документи можат да ги повлечат на 31.08.2012 и на 3.09.2012 (09 - 14,30 часот).**

При тоа, потребно е да се потпише изјава за подигнување на документите во 2 примероци.

**Напомена за стипендистите:**

Сите кандидати кои имаат добиено потврди за стипендии од ФИНКИ, а не ги приложиле во документите за пријавување, потребно е истите да ги донесат при уписот на 30. и 31.08.2012 година.

Сите кандидати кои немаат ваков документ, а имаат награди од државни, меѓународни натпревари и олимпијади по информатика, математика или физика и не ги предале при пријавувањето, потребно е да ги донесат дипломите при уписот на 30. и 31.08.2012 година и во рок од 30 минути по разледувањето на документите ќе добијат одговор од комисијата дали ќе добијат ослободување од плаќање партиципација и дали тоа ќе биде целосно или делумно.